Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Сто и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 31 август 2021 година

Скопје, август 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 август 2021 година**

Седницата започна во 13:40 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Никола Николов, координатор на Работната група за координација на активностите од областа на информатичко комуникациските технологии заради дигитализација на процесите.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Горан

Милевски, министер за локална самоуправа и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

**Пред преминување на дневен ред:**

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија
  - Агенда Европа дома

- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2021-31.12.2021 година

- Информација за резултати од запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2021/2022 година

- Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција заклучно со 31.8.2021 година

- Информација за движење на јавниот долг и осврт на проектите вклучени во среднорочните проекции на јавниот долг

- Информација за статусот на проектите кои се финансираат преку ИПА 2 програмите во Република Северна Македонија (постапување по Нацрт-записникот од 101-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 август 2021 година)

- Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 31.7.2021 година

1. Записник од Четириесет и шесттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 30 август 2021 година и записниците од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржани на 24 и 27 август 2021 година

2. Барање за обезбедување на службени возила за потребите на Регулаторната комисија за домување

3. Информација за реконструкција на силоси за Жито Прилеп

4. Информација за давање согласност за користење деловен простор под закуп на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Кичево, со дополнување (ДП 02-429/20)

5. Информација за поддршка од САД во реконструкција на објект на Центарот за управување со кризи во Куманово, а со цел воспоставување на Центар за обука

6. Иницијатива за отпочнување на Пилот-проект за витализација на патничкиот сообраќај

7. Предлог-уредба за начинот на утврдување, пресметување и висината на надоместокот за задолжителни резерви на сурова нафта и/или нафтени деривати и содржината, начинот и роковите за достава на податоци за пласманот на нафтени деривати на домашниот пазар

8. Информација во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен на ден 25.2.2015 година, заведен кај Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони под бр.03-443/1 од 25.2.2015 година, како што е изменет со Анекс договор бр.1 склучен на ден 17.8.2016 година, заведен кај Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони под бр.13-1231/1 од 17.8.2016 година, помеѓу Владата на Република Македонија застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштво за производство, трговија и услуги Гентерм Македонија ДООЕЛ увоз-извоз Прилеп и Гентерм инкорпорејтед (Gentherm Incorporated), со Предлог-одлука

9. Информација по задолжение од Триесет и петтата седница на Владата, за направените анализи за исполнетост на условите за креирање на работни места по договорите за државна помош за компаниите во ТИРЗ, со предлог на следни чекори што треба да се преземат, вклучително и евентуална измена на договорите, согласно изменетите услови предизвикани од КОВИД-19

10. Информација за Договорот за соработка меѓу НЕР АД Скопје и ДЕСФА С.А. за реализација на проектот за изградба на интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Грција, со Предлог-одлука за гарантирање на реализацијата

11. Барање за разрешување на моментална состојба помеѓу АД Водостопанство во државна сопственост и ДДС Солар доо Скопје (ДДС СОЛАР експорт-импорт)

12. Информација за донесена судска пресуда за поништување на Договорот за пристапување кон Јавно приватно партнерство за реализација на проектот за изградба на МХЕЦ Ратево на акумулацијата и брана Ратево, склучен меѓу Водостопанство Берово-Берово, како јавен партнер-концедент година и ДДС Солар ДОО Скопје, како приватен партнер концесионер, заведен под бр. 02-01 од 17.2.2012 година и бр. 83-07/12 од 24.7.2012 година и Анекс на Договор заведен под бр. на Јавен партнер 83-07/12-1 од 25.8.2012 година и бр. на Приватен партнер бр. 02-01/1 од 25.8.2012 година, како и Одлуката за склучување на цитираниот договор

13. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост

14. Информација за процесот на подготовка на Програмата на економски реформи (ПЕР) 2022-2024 година, со Акциски план за исполнување на заедничките заклучоци од Економско - финансискиот дијалог со Европската унија од 12 јули 2021 година

15. Информацијата за донесување на Долгорочна стратегија за климатска акција, со Акциски план, со текст на Долгорочна стратегија за климатска акција со Акциски план

16. Информација во врска со реализација на проект за „Подобрување на отпорноста кон поплави во Полошкиот Регион“, во Република Северна Македонија и можноста за соработка со УНДП

17. Предлог-национален акциски план за енергетска ефикасност

18. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Куманово Спа - Куманово, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

19. Информација за подготовка на Акциски план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026, за периодот 2021-2023, со Предлог-акциски план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година, за периодот 2021-2023 година

20. Информација за предлог Анекс бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош на Лутекс ДОО Велес

21. Информација за предлог Анекс-договор бр.3 за доделување на државна помош на Кранфилд Фаундри ДООЕЛ Скопје

22. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на обединетите нации „УНИФИЛ“, Република Либан

23. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операцијата на Европската Унија „EUTM RCA“ во Централноафриканската Република

24. Информација за одржаниот петнаесетти состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој се одржа на 18 и 19 ноември 2020 година, преку видео конференциска врска

25. Барање на Мејсут Бојда и Ирфана Бојда, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

26. Барање на Џеват Цафче, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

27. Предлог-уредба за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за јавните установи за социјална заштита - домови за стари лица за 2022 година

28. Информација по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за вонсемејна социјална заштита на стари лица„Кингдом Викторија“ с. Карбинци-Општина Карбинци, со Предлог-одлука

29. Информација за исполнетост на условите на Друштвото за производство, промет и услуги КАБЕИРИ ДОО увоз-извоз Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

30. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Центар за култура „Кочо Рацин“ Кичево (книги)

31. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (книги)

32. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Центар за култура „АСНОМ“ – Гостивар (книги)

33. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот во Тетово (книги)

34. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање одобрение за основање на приватно средно училиште „MAARIF INTERNATIONAL SCHOOLS“ с.Долно Седларци, Општина Брвеница

35. Понуда од нотар Емилија Георгиевска-Аџиска од Берово, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1588 за КО Берово, на КП бр.973, на викано место/улица Моша Пијаде

36. Понуда од нотар Емилија Георгиевска-Аџиска од Берово, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2610 за КО Пехчево, на КП бр.861, на викано место/улица 22 Декември

37. Понуда од нотар Џеват Бучи од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.111355 за КО Кисела Вода 2 на КП бр. 5340/57, на викано место/улица Хемтекс

38. Понуда од нотар Лидија Илиевска од Пробиштип за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист број 259 за КО Ратавица на КП број 864/1, на викано место Ќшла

39. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 70300 за КО Маџари на КП бр.1901, дел 2 и за недвижен имот со Имотен лист бр. 70301 за КО Маџари на КП бр. 1901 дел 6 на викано место/улица Благоја Стефковски

40. Кадровски прашања

41. Прашања и предлози

42. Информација за примена на Законот за правда за децата во постапувањето на овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи во периодот 1 јануари - 30 јуни 2021 година

43. Информација за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправната сеча на шуми во период од 1 април 2021 до 30 јуни 2021 година

44. Информација за Акциски план за вработување на млади лица, 2016-2020 година (2019 година) и Информација за Акциски план за вработување на млади лица, 2016-2020 година (2020 година)

45. Информација за активностите кои се преземаат за изготвување на Националната стратегија за гранично управување 2020 – 2023 година

46. Информација за степенот на реализација на проектот „Изградба на фотонапонска електрана со инсталирана моќност од 10MW во кругот на РЕК Осломеј“

47. Извештај за реализација на одобрени средства, согласно Одлуката за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија, за 2020 година, 44-7018/1 од 9 септември 2020 година, наменети за обесштетување од елемнтарна непогода

48. Известување од Општина Охрид во врска издаденото Одобрение за градење на локацијата на поранешниот ресторан Парк Горица, имајќи ги предвид констатациите од Извештајот од Комисијата за извршениот увид

49. Предлог-одлука за начинот на користење и одржување на службените возила

50. Информација за преземање на технички мерки и активности за дигитализација на процеси

51. Информација за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Мемедов против Северна Македонија А.бр.31016/17

52. Информација за правосилност на одлука на Европскиот суд за човекови права во предметот Митровска против Северна Македонија А.бр.55480/16 и 6 други апликации

53. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Јовановски против Северна Македонија А.бр. 30244/18

54. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Џафер против Северна Македонија А.бр. 4378/20

55. Предлог-закон за дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, по скратена постапка

*

*   *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**
  **- Агенда Европа дома**

Владата го разгледа материјалот Агенда Европа дома (статус 31.8.2021 година), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи задолжените институции кои не постапиле до Секретаријатот за европски прашања да доставаат импут за сите мерки и активности предвидени во Агенда Европа дома, согласно заклучоците од Нацрт-записникот од

Осумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 јули 2021 година, точка Пред преминување на Дневен ред, донесени по Агенда Европа дома.

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2021-31.12.2021 година**

Владата заклучи:

1. Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2021-31.12.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, врз основа на барањата на Министерството за економија и Министерството за животна средина и просторно планирање, разгледани и прифатени на оваа седница, под точка Прашања и предлози, да се измени и тоа:

- Предлогот на закон за заштита на природата, рокот за доставување да се измени и да биде 30 ноември 2021 година;

- Предлог-закон за инспекција во животната средина, рокот за доставување да се измени и да биде 30 септември 2021 година;

Законодавната агенда да се дополни и тоа:

- Предлог-закон за прогласување на Матка за заштитено подрачје, рокот за доставување да биде 30 ноември 2021 година.

- Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за установите, рокот за доставување да биде 10 септември 2021 година.

Согласно овој заклучок соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година.

2. Пречистениот текст на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2021-31.12.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда, навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од Законодавната агенда.

- **Информација за резултати од запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2021/2022 година**

Владата ја разгледа Информацијата за резултати од запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2021/2022 година, како материјал за информирање.

- **Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција заклучно со 31.8.2021 година**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција заклучно со 31.8.2021 година, како материјал за информирање.

- **Информација за движење на јавниот долг и осврт на проектите вклучени во среднорочните проекции на јавниот долг**

Владата ја разгледа Информацијата за движење на јавниот долг и осврт на проектите вклучени во среднорочните проекции на јавниот долг, како материјал за информирање.

- **Информација за статусот на проектите кои се финансираат преку ИПА 2 програмите во Република Северна Македонија (постапување по Нацрт-записникот од 101-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 август 2021 година)**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат преку ИПА 2 програмите во Република Северна Македонија (постапување по Нацрт - записникот од 101-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 август 2021 година), како материјал за информирање.

- **Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 31.7.2021 година**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 31.7.2021 година, како материјал за информирање.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата го разгледа Записникот од Четириесет и шесттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирусКОВИД-19, одржан на 30 август 2021 година и записниците од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржани на 24 и 27 август 2021 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Четириесет и шесттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирусКОВИД-19, одржан на 30 август 2021 година.

2. Се забранува влез/излез на/од територијата на Република Северна Македонија на домашни и странски државјани, почнувајќи од 1 септември 2021 година, доколку претходно на граничниот премин не приложат еден од следните документи:

- сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примени најмалку две дози на вакцина против заразната болестКОВИД-19;

- сертификат/потврда за прележанКОВИД-19 во последните 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето;

- медицинска потврда со негативен резултат од RT PCR SARS-CoV-2 тест, направен 72 часа пред влез/излез на/од територијата на Република Северна Македонија или

- негативен резултат од брз тест за антиген, направен 48 часа пред влез/излез на/од територија на Република Северна Македонија.

Сертификатот/потврдата од ставот 1 алинеи 1, 2, 3 и 4 од оваа точка, не се однесува за лица под 18 - годишна возраст.

Домашни и странски државјани кои при влез на граничниот премин на територијата на Република Северна Македонија нема да приложат еден од документите наведени од ставот 1 алинеи 1, 2, 3 и 4 од оваа точка, задолжително се упатуваат во домашна изолација/карантин на сопствен трошок во времетраење од седум дена, за што Државниот санитарен и здравствен инспекторат издава решение.

Домашната изолација/карантинот може да се прекине по изминување на петтиот ден, само со приложување медицинска потврда со негативен резултат од RT PCR SARS-CoV-2 тест.

Исклучок од ставот 1 алинеи 1, 2, 3 и 4 од оваа точка се екипажите на воздухопловите и професионалните возачи на товарни моторни возила кои влегуваат на граничните премини на територијата на Република Северна Македонија, како и сите видови групни или индивидуални патувања или патници и професионални возачи на товарни моторни возила кои транзитираат низ територијата на Република Северна Македонија, за што задолжително потпишуваат Изјава за транзитирање.

3. На наредната седница на Владата да се разгледа предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство во однос на прашањето за примена и почитување на наредените мерки на Владата при организирање и учество во верски обреди организирани од страна на верските заедници или религиозните групи.

4. Наставата во средните училишта на територија на Општина Тетово и Општина Гостивар да започнат со онлајн настава од 1 септември 2021 година, во период од 14 дена.

5. Наставата во средните училишта во Општина Кичево и Општина Струга да започнат со онлајн настава од 1 септември 2021 година, во период од 7 дена.

6. Се задолжува Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство на наредната седница на Комисијата да ја разгледа можноста за влез на сезонски работници од Република Албанија, под олеснителни услови, по повод претстојниот јаболкобер во Преспанскиот Регион.

7. Се задолжува Министерството за економија, согласно Законот за трговија, да ги извести Тинекс-МТ ДООЕЛ Скопје и КАМ ДОО Илинден во однос на доставените барања до Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.

8. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство да се зголеми бројот на деца во воспитните групи за деца од две до десетгодишна возраст во установите за згрижување и воспитание на деца, од 20 на најмногу 25 деца.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го разгледа Барањето за обезбедување на службени возила за потребите на Регулаторната комисија за домување и притоа заклучи, директорот на Агенцијата за управување со одземен имот, во рок од 30 дена, до Владата да достави соодветни предлог-одлуки за обезбедување на службени возлила за Регулаторната комисија за домување.

**<u>Точка 3</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за реконструкција на силосите за Жито Прилеп, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седницата на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, во присуство на директорот на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро - Берза – Скопје.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за користење деловен простор под закуп на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Кичево, со дополнувањето (ДП 02-429/20) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност да се склучи договор за давање под закуп на деловен простор со понудувачот Дилавер Ибраими од с.Бачишта, Кичево на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Кичево.

2. Го овласти Државниот правобранител на Република Северна Македонија да склучи договор со понудувачот Дилавер Ибраими од с.Бачишта, Кичево, за давање под закуп на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Кичево деловно-станбен комплекс лоциран на ул.„Санде Штерјоски“ бб во Кичево, поставена на КП бр.2196/1 за КО Кичево 6 и тоа за деловни простории во вкупна површина од 199 м2 + дополнителни помошни простории-ходник во површина од 24 м2 или вкупна површина од 223 м2 , користење на лифт како и 3 паркинг места во подземната гаража по 800 евра месечно во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија или поповолно, но не повеќе од 800 евра месечно во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија.

## Точка 5

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за поддршка од САД во реконструкција на објект на Центарот за управување со кризи во Куманово, а со цел воспоставување на Центар за обука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Центарот за управување со кризи најдоцна до 31.12.2021 година да ги заврши сите активности за воспоставување Центар за обука со измена и дополна на актите за организација и систематизација на органот, пополна со неопходен персонал и да изработи Програма за работа на Центарот за обука.

2. Се задолжува Центарот за управување со кризи да ја информира Владата за извршената реконструкција на објектот во рок од еден месец од приемот на објектот од донаторот на реконструкцијата.

## Точка 6

Владата ја симна од Дневниот ред Иницијативата за отпочнување на Пилот-проект за витализација на патничкиот сообраќај.

## Точка 7

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за начинот на утврдување, пресметување и висината на надоместокот за задолжителни резерви на сурова нафта и/или нафтени деривати и содржината, начинот и роковите за достава на податоци за пласманот на нафтени деривати на домашниот пазар, во предложениот текст.

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен на ден 25.2.2015 година, заведен кај Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони под бр.03-443/1 од 25.2.2015 година, како што е изменет со Анекс договор бр.1 склучен на ден 17.8.2016 година, заведен кај Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони под бр.13-1231/1 од 17.8.2016 година, помеѓу Владата на Република Македонија застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштво за производство, трговија и услуги Гентерм Македонија ДООЕЛ увоз-извоз Прилеп и Гентерм инкорпорејтед (Gentherm Incorporated), со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс договор бр.2 кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги Гентерм Македонија ДООЕЛ увоз - извоз Прилеп и Гентерм инкорпорејтед (Gentherm Incorporated) бр.03-443/1 од 25.02.2015 година и Анекс договор бр.1 со бр.13-1231/1 од 17.8.2016 година, во предложениот текст.

## Точка 9

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата по задолжение од Триесет и петтата седница на Владата, за направените анализи за исполнетост на условите за креирање на работни места по договорите за државна помош за компаниите во ТИРЗ, со предлог на следни чекори што треба да се преземат, вклучително и евентуална измена на договорите, согласно изменетите услови предизвикани одКОВИД-19, ја усвои Информацијата и ја задолжи Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да изготви и достави до Владата на Република Северна Македонија предлог текст на анекс договори кон договорите за доделување за државна помош во насока на одложување на договорните обврски за креирање и одржување на работни места.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Комисијата за заштита на конкуренцијата за секој поединечен Анекс на договор да се побара милење од Комисијата.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за Договорот за соработка меѓу НЕР АД Скопје и ДЕСФА С.А. за реализација на проектот за изградба на Интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Грција, со Предлог-одлука за гарантирање на реализацијата, ја усвои Информацијата и го овласти Бајрам Реџепи, извршен директор на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности „Национални енергетски ресурси“ Скопје во државна сопственост, да го потпише Договорот за соработка меѓу Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности „Национални енергетски ресурси“ Скопје во државна сопственост и ДЕСФА С.А. за реализација на проектот за изградба на интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Грција.

**Точка 11**

Владата по Барањето за разрешување на моментална состојба помеѓу АД Водостопанство во државна сопственост и ДДС Солар ДОО Скопје (ДДС СОЛАР експорт-импорт) и Информацијата за донесена судска пресуда за поништување на Договорот за пристапување кон Јавно приватно партнерство за реализација на проектот за изградба на МХЕЦ Ратево на акумулацијата и брана Ратево, склучен меѓу Водостопанство Берово-Берово, како јавен партнер-концедент година и ДДС Солар ДОО Скопје, како приватен партнер концесионер, заведен под бр. 02-01 од 17.2.2012 година и бр. 83-07/12 од 24.7.2012 година и Анекс на Договор заведен под бр на Јавен партнер 83-07/12-1 од 25.8.2012 година и бр. на Приватен партнер бр. 02-01/1 од 25.8.2012 година, како и Одлуката за склучување на цитираниот договор заклучи Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија-Скопје и ДДС Солар ДОО Скопје да постапат по судската одлука за утврдување ништовност на Договорот и Одлуката и како два правни субјекти кои склучиле договорни обврски да преземат соодветни активности согласно закон.

**Точка 12**

Владата по Барањето за разрешување на моментална состојба помеѓу АД Водостопанство во државна сопственост и ДДС Солар ДОО Скопје (ДДС СОЛАР експорт-импорт) и Информацијата за донесена судска пресуда за поништување на Договорот за пристапување кон Јавно приватно партнерство за реализација на проектот за изградба на МХЕЦ Ратево на акумулацијата и брана Ратево, склучен меѓу Водостопанство Берово-Берово, како јавен партнер-концедент година и ДДС Солар ДОО Скопје, како приватен партнер концесионер, заведен под бр. 02-01 од 17.2.2012 година и бр. 83-07/12 од 24.7.2012 година и Анекс на Договор заведен под бр на Јавен партнер 83-07/12-1 од 25.8.2012 година и бр. на Приватен партнер бр. 02-01/1 од 25.8.2012 година, како и Одлуката за склучување на цитираниот договор заклучи Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија-Скопје и ДДС Солар ДОО Скопје да постапат по судската одлука за утврдување ништовност на Договорот и Одлуката и како два правни субјекти кои склучиле договорни обврски да преземат соодветни активности согласно закон.

## Точка 13

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за финансии да изврши усогласување на текстот на Предлогот на закон согласно Мислењето на Секретаријатот за европски прашања.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници, д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, Шасине Касами, директор на Управата за имотно-правни работи и Валентина Димитрова, раководител на сектор во Управата за имотно-правни работи.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за процесот на подготовка на Програмата на економски реформи (ПЕР) 2022-2024 година, со Акциски план за исполнување на заедничките заклучоци од Економско - финансискиот дијалог со Европската Унија од 12 јули 2021 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за образование и наука, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за труд и социјална политика, а се препорачува на Народната банка на Република Северна Македонија во два наврати, еднаш до 1 октомври 2021 година и еднаш до 1 декември 2021 година до Министерството за финансии - Националниот координатор за подготовка на Програмата на економски реформи, да доставаат детални известувања за реализација на активностите со кои се исполнуваат препораките во нивна надлежност, согласно Акцискиот план за исполнување на заедничките заклучоци од Економско-финансискиот дијалог со Европската Унија од 12 јули 2021 година.

2. Се задолжуваат заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за информатичко општество и администрација,

Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерство за финанасии - Управата за јавни приходи, Царинската управа, а се укажува на Фондот за иновации и технолошки развој, до 7 септември 2021 година до Министерството за финансии согласно своите надлежности да достават секторска дијагностика со предлог реформски мерки согласно Водичот на ЕУ за подготовка на Програмата на економски реформи 2022-2024 од јуни 2021 година, кои ќе бидат составен дел од првата нацрт верзија на поглавје 5 од Програмата на економски реформи 2022-2024.

3. Се задолжуваат заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, министерот за економија, министерот за транспорт и врски, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, министерот за информатичко општество и администрација, министерот за образование и наука, министерот за труд и социјална политика, министерот за здравство, министерот за животна средина и просторно планирање, а му се препорачува на директорот на Фондот за иновации и технолошки развој да учествуваат на состанокот на 16 септември 2021 година за разгледување на можните реформски мерки во Програмата на економски реформи 2022 – 2024.

Истовремено, Владата заклучи, Министерството за финансии да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Секретаријатот за европски прашања.

**<u>Точка 15</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Долгорочна стратегија за климатска акција со Акциски план, со текст на Долгорочна стратегија за климатска акција со Акциски план и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата за донесување на Долгорочна стратегија за климатска акција со Акциски план.

2. Го усвои текстот на Долгорочната стратегија за климатска акција со Акциски план, како оперативен документ, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот согласно Мислењето на Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 16</u>**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со реализација на проект за „Подобрување на отпорноста кон поплави во Полошкиот регион“, во Република Северна Македонија и можноста за соработка со УНДП, за наредната седница на Владата.

**Точка 17**

Владата го донесе најновиот текст на Националниот акциски план за енергетска ефикасност.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Куманово Спа - Куманово (со седиште на ул.600 бр.4 Проевце - Куманово, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за подготовка на Акциски план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година, за периодот 2021-2023 година, со Предлог-акциски план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година, за периодот 2021-2023 година, ја усвои Информацијата и условно го прифати новиот текст на Акцискиот план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година, за периодот 2021-2023 година, доколку предлагачот го усогласи согласно укажувањето од Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

Истовремено, Владата заклучи, предлагачот да ги има предвид и укажувањата во мислењата на Министерство за одбрана, Државниот завод за ревизија, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија, Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, Министерството за економија, Министерството за финансии, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Секретаријатот за европски прашања, Центарот за образование на возрасните и Националниот координатор за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи.

**Точка 20**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за предлог Анекс бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош на Лутекс ДОО Велес и го усвои со следниот заклучок:

- Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, да го потпише предложениот Анекс бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република

Северна Македонија и Лутекс ДООЕЛ Велес, заверен под бр.14-113/1 од 10.10.2016 година.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за предлог Анекс-договор бр.3 за доделување на државна помош на Кранфилд Фаундри ДООЕЛ Скопје, со текст на Анекс-договор, ја усвои Информацијата и го овласти Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економски ресори и инвестиции, да го потпише предложениот Анекс бр.3 кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Кранфилд Фаундри ДООЕЛ Скопје (Cranfield Foundry DOOEL Skopje), заверен под бр.дов.12-68/13 од 31.7.2015 година, Анекс-договор бр.1. заведен под бр.13-8462/1 од 5.9.2018 година и Анекс-договор бр.2 заведен под бр. 13-6307/1 од 23.6.2020 година.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерство за финансии.

## Точка 22

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на обединетите нации „УНИФИЛ“, Република Либан (нов текст), ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог да ја разгледа Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

## Точка 23

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „EUTM RCA“ во Централноафриканската Република, го утврди и заклучи да го достави до Собранието, со предлог да ја разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

## Точка 24

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за одржаниот петнаесетти состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој се одржа на 18 и 19 ноември 2020 година, преку видео конференциска врска и ја усвои Информацијата, со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Народниот правобранител на Република Северна Македонија да овозможи ефективно учество на граѓанските организации во цивилниот дел на надворешниот механизам за надзор, до 30 септември 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ја заврши новата Национална проценка за закани од областа на организираниот и сериозен криминал, до 31 декември 2021 година.

3. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерство за финансии-Управа за финансиско разузнавање да го изготват Законот за платежни услуги и платни системи, до 31 август 2021 година и да го достават до Влада на Република Северна Македонија до 30 септември 2021 година.

4. Се укажува на Централниот регистар на Република Северна Македонија и на Народна банка на Република Северна Македонија да осигурат дека централниот регистар на сите банкарски сметки е оперативен до 31 декември 2022 година.

5. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, во соработка со Националниот координативен центар за интегрирано гранично управување да ја заврши новата Стратегија за развој на интегрирано гранично управување во согласност со начелата на интегрираното гранично управување (ИГУ), до 30 ноември 2021 година.

6. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да преземе активности со кои ќе се овозможи разбивање на познати центри за криумчарење, особено во северниот дел на земјата, до 31 декември 2021 година.

7. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи и Министерството за труд и социјална политика да изнајдат одржливо решение за Ромите, поранешни баратели на азил од Косово, до 31 декември 2021 година.

8. Се задолжува Министерството за правда во соработка со сите надлежни институции, да продолжи со спроведување на препораките од оценската мисија за административна правда и да осигури целосно спроведување на новиот Закон за управни спорови до 31 декември 2021 година.

9. Се задолжува Министерството за правда во соработка со Судскиот совет на Република Северна Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, да започне со подготовка на анализа заради утврдување на

нова организациска структура на судската мрежа заради рационализација на функционирањето на судската мрежа и најдобро искористување на постојните ресурси, до 31 декември 2021 година.

10. Се задолжува Министерството за правда да продолжи со натамошна имплементација на преостанатите препораки на ГРЕКО од 4-тиот круг до 30 септември 2022 година, како и натамошна имплементација на препораките од 5-от извештај.

11. Се укажува на Државната комисија за спречување на корупција во соработка со сите засегнати институции и тела, да преземе мерки за подобрување на соработката со останатите институции во однос на обезбедување податоци, до 31 декември 2021 година.

12. Се задолжува Министерството за правда-Управата за извршување на санкциите, да подготви Акциски план за спроведување на препораките на Извештајот на Европскиот комитет за заштита од тортура, најдоцна до 31 септември 2021 година.

13. Се задолжува Министерството за правда-Управата за извршување на санкциите итно да изнајде решение за одржувањето на електронскиот систем за следење до 30 ноември 2021 година.

14. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да направи ревизија на правната рамка што ја опфаќа работата на медиумите, со цел натамошно усогласување со законодавството на ЕУ до 30 септември 2021 година.

15. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, Министерството за здравство и Министерството за информатичко општество и администрација да отпочнат со процесот на усогласување на релевантното законодавство со новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација, согласно роковите предвидени во Законот и да се заврши со процесот на усогласување до 31 август 2022 година.

16. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да направи проценка на спроведувањето на Првиот акциски план за спроведување на Националната стратегијата за деинституционализација и да изготви нов три/четиригодишен Акциски план за спроведување на Националната стратегија за деинституционализација до 31 декември 2021 година.

17. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, да преземе активности за изготвување на новата Стратегија за Роми до 30 ноември 2021 година.

**<u>Точка 25</u>**

Владата го одложи од разгледување Барањето на Мејсут Бојда и Ирфана Бојда, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија, за првата седница на Владата по завршување на изборниот процес, имајќи го предвид Решението за

распишување избори за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.185/21).

**Точка 26**

Владата го одложи од разгледување Барањето на Џеват Џафче, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија, за првата седница на Владата по завршување на изборниот процес, имајќи го предвид Решението за распишување избори за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.185/21).

**Точка 27**

Владата ја донесе Уредбата за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за јавните установи за социјална заштита - домови за стари лица за 2022 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за вонсемејна социјална заштита на стари лица „Кингдом Викторија“ с. Карбинци - Општина Карбинци, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на одобрение за основање на приватна установа за вонсемејна социјална заштита на стари лица, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштвото за производство, промет и услуги Кабеири ДОО увоз-извоз Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, промет и услуги Кабеири ДОО увоз-извоз Скопје, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Центар за култура „Кочо Рацин“-Кичево, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (книги), во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Центар за култура „АСНОМ“ – Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот во Тетово (книги), во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за давање одобрение за основање на приватно средно училиште „MAARIF INTERNATIONAL SCHOOLS“ с.Долно Седларци, Општина Брвеница, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Емилија Георгиевска - Аџиска од Берово, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1588 за КО Берово, на КП бр.973, на викано место/улица Моша Пијаде и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Емилија Георгиевска-Аџиска од Берово, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2610 за КО Пехчево, на КП бр.861, на викано место/улица 22 Декември и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Џеват Бучи од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.111355 за КО Кисела Вода 2 на КП бр. 5340/57, на викано место/улица Хемтекс и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 38

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лидија Илиевска од Пробиштип за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист број 259 за КО Ратавица на КП број 864/1, на викано место Ќшла и по Понудата го усвои мислењето на Министерството за транспорт и врски и негативното мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 39

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 70300 за КО Маџари на КП бр.1901, дел 2 и за недвижен имот со Имотен лист бр. 70301 за КО Маџари на КП бр. 1901 дел 6 на викано место/улица Благоја Стефковски и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 40

1. Владата заклучи да го извести АД за приредување игри на среќа АД - Скопје, во државна сопственост, дека Заклучокот на Владата доставен од Деведесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 август 2021 година (Кадровски прашања-точка 183) под бр.40-17/94, во врска со препораката до Надзорниот одбор на АД за приредување игри на среќа АД - Скопје, во државна сопственост, го повлекува заради направена техничка грешка при срамнување на истиот со стенографски белешки и истовремено доставува нов заклучок согласно заклучокот кој е донесен од седницата одржана на 4 август 2021 година, согласно стенографските белешки кој гласи:

- Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на АД за приредување игри на среќа АД - Скопје, во државна сопственост, за член на Управниот одбор на АД за приредување игри на среќа АД - Скопје, во државна сопственост да ја избере Катица Николовска-Прнаркова и истовремено да ја именува за вршител на должноста претседател на Управниот одбор на АД за приредување игри на среќа АД - Скопје, во државна сопственост, кој носи назив вршител на должноста генерален директор.

## Точка 41

1. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болестКОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 21 август 2021 година до 27 август 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави

до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 19 август 2021 година до 25 август 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата по Информацијата за непостапување во врска со задолжение за реализација на мерка од Петтиот пакет економски мерки – мерка 29 ги донесе следниве заклучоци:

1) Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да постапи согласно заклучокот бр.29 од Четириесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 февруари 2021 година, точка 89 - Информација за петти сет економски мерки за ревитализирање на економијата во услови наКОВИД-19.

2) Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација за наредната седница на Владата да достави патоказ со акциски план за начинот на реализација на мерката, при што да се има предвид дека рокот за реализација на оваа мерка е до 31 декември 2021 година во рамките на фискалната 2021 година.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Барањето од Министерството за здравство за престанување на важење на заклучоци од Седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 февруари 2020 година, и ги донесе следните заклучоци:

1) Да престане да важи заклучок бр.3, точка 119 од Нацрт-записникот од Седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 февруари 2020 година, под број 20-6373/1 од 25 август 2021 година, донесен по Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема – ангиограф за потребите на ЈЗУ Клиничка болница Тетово.

2) Да престане да важи заклучок бр.3, точка 121 од Нацрт-записникот од Седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 февруари 2020 година, под број 20-6372/1 од 25 август 2021 година, донесен по Информацијата

за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за оформување на хибридна мултифункционална операциона сала со изведување на потребните градежни работи и набавка на потребната медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија, Скопје.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Барањето од Министерството за надворешни работи за изменување на заклучок бр.10, точка 31 од Нацрт-записникот од Сто триесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 јуни 2019 година, под број 46-25998/21-1 од 30 август 2021 година, донесен по Информацијата за одржување на прва заедничка седница на Владата на Република Северна Македонија и Владата на Косово, и заклучи истиот да гласи:

„10. Го определи министерот за надворешни работи, д-р Бујар Османи, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за соработка во областа на дијаспората.".

**6.** Владата ги разгледа Известувањата од Министерството за економија во врска со непостапени заклучоци, ги прифати и ги донесе следните заклучоци:

1) Во однос на Информацијата за текот на реализација на Националната стратегија за мали и средни претпријатија (2018-2023), со рок за постапување 6 април 2020 година и 7 април 2021 година заклучокот да престане да важи.

2) Во однос на Информацијата за ефектите од започнување со наплата за отворање фирма од страна на регистрационите агенти, со рок за постапување 27.3.2018 година, заклучокот да престане да важи.

3) Во врска со Информацијата за реализација на активностите и напредокот на иницијативите за унапредување на електронската трговијата во Светската трговска организација, со рокови за постапување 7.8.2018 година, 5.2.2019 година, 6.8.2019 година и 4.2.2020 година заклучокот да престане да важи.

4) Во врска со Информацијата за текот на преговори за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки, со рокови за постапување 29.6.2021 година и 30.10.2020 година заклучокот да престане да важи.

5) Во врска со Информацијата со платформа со можни предлози за укинување на царинските стапки на земјоделско-прехранбени производи во меѓусебната трговија со Република Турција, со рок за постапување 24.4.2018 година, заклучокот да престане да важи.

6) Во врска со Информацијата за надминување на настанатите состојби со локалното население и Информацијата со акциски план за помош на инвеститорите во делот каде што имаат потешкотии со местното население при реализација на договорите

за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи, заклучокот да престане да важи.

7) Во врска со Националниот план за енергија и клима, усогласен со принципите и приоритетите од Зелениот договор, рокот за доставување да се продолжи и да биде во октомври 2021 година.

8) Во врска со Петгодишната програма за имплементација на Енергетската стратегија рокот за доставување да се продолжи и да биде до крај на септември 2021 година.

9) Во врска со Предлогот на закон за биогорива, усогласен со Директивата за обновлива енергија 2018/2001/ЕУ рокот за доставување да се продолжи и наместо 30 јуни 2021 година да биде до крај на септември 2021 година.

Истовремено, потребно е соодветно да се измени и Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2021 година – 31 декември 2021 година.

10) Во врска со Предлог-текст на Уредба за квалитет на течните горива рокот за доставување да се измени и да биде 30 септември 2021 година.

11) Во врска со Акцискиот план за имплементирање на дадените препораки од Конечниот извештај од Овластениот државен ревизор по извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година за сметката на основен буџет 637, сметка на основен буџет 631 и сметка на самофинансирачки активности 787, заклучокот да престане да важи.

12) Во врска со Информацијата за текот на реализација на „Среднорочна стратегија за општествена одговорност на Република Северна Македонија 2019-2023“ и Акцискиот план, со рок за доставување на 31 декември 2019 и 29 декември 2020 година заклучокот да престане да важи.

13) Во врска со Предлогот на законот за измени и дополнувања на Законот за установите рокот за доставување да се продолжи и да биде 10 септември 2021 година.

Истовремено, се предлага измената соодветно да се вгради во Законодавната агенда.

14) Во врска со Информацијата за составот на работната група за имплементација на Договорот за соработка во областа на туризмот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Црна Гора, заклучокот да престане да важи.

**7.** Владата ги разгледа Известувањата од Министерството за животна средина и просторно планирање во врска со непостапени заклучоци, ги прифати и ги донесе следните заклучоци:

1) Во однос на Информацијата за напредокот во реализацијата на мерките за климатски промени од Повелбата за одржливост заклучокот да престане да важи.

2) Во однос на Информацијата за напредокот во спроведувањето на Програмата за реформи на Единиците на локалната самоуправа во областа на животната средина, заклучокот да престане да важи.

3) Во врска со Информацијата за прогресот на активностите во врска со проектот- Изработка на Катастар на подземни води рокот за доставување да се продолжи и да биде декември 2022 година, со образложение дека Проектот е започнат во 2020 година, реализацијата е во тек и ќе трае до 2022 година.

4) Во врска со Информацијата за проектот „Изградба на централен објект за управување со отпад - Фабрика за сортирање, погон МБТ, депонија, постројка за компостирање, зелена точка за источниот и североисточниот регион во Свети Николе“ и „Изградба на шест локални објекти за управување со отпад - станици за трансфер, постројки за компостирање и зелени точки за Источен и Североисточен Регион“, вклучувајќи детален план со рокови за надминување на нотираните проблеми (финансирање на ревизиите на основниот проект, експропријацијата и потребна придружна документација) заклучокот да престане да важи.

5) Во врска со Информација за статусот на планираните идни активности за реализација на подготвителните активности за воспоставување на самоодржлив систем за интегрирано управување со отпад во Источен и Североисточен Регион, заклучокот да престане да важи.

6) Во врска со Информацијата за статусот на реализација на Акцискиот план, преземените активности и причините за отстапување од наведената временска динамика на реализацијата на секој проект во рамки на усвоениот План за јавни набавки, со рок 4 мај 2021 година и 1 јуни 2021 година, заклучокот да престане да важи.

7) Во врска со Информацијата за текот на активностите при реализација на процесот за акредитација на Централната лабораторија за животна средина и Калибрационата лабораторија за квалитет на воздух, заклучокот да престане да важи.

8) Во врска со Информација со рекапитулар на капитални и оперативни трошоци за санација и работење на Хидросистемот „Дојранско Езеро“, како би се утврдиле потребните финансиски средства за санација на Хидросистемот „Дојранско Езеро“ заклучокот да престане да важи.

9) Во врска со Предлогот на закон за заштита на природата, рокот за доставување да се продолжи и наместо 29 јуни 2021 година, да биде 30 ноември 2021 година.

10) Во врска со Предлогот на закон за индустриски емисии, усогласен со Директивата за индустриски емисии 2010/75/ЕУ рокот за доставување да се продолжи и наместо 29 јуни 2021 година, да биде 31 декември 2021 година.

11) Во врска со Предлог-закон за инспекција во животната средина, усогласен со законодавството на Европската Унија за инспекциски надзор за животна средина рокот за доставување да се продолжи и наместо 29 јуни 2021 година, да биде 30 септември 2021 година.

12) Во врска со Предлог-закон за прогласување на Матка за заштитено подрачје рокот за доставување да се продолжи и наместо 25 септември 2021 година, да биде 30 ноември 2021 година.

13) Во врска со Предлог-закон за прогласување на парк-шумата Водно за заштитено подрачје заклучокот да престане да важи.

14) Во врска со Предлог-закон за прогласување на парк-шумата Гази Баба за заштитено подрачје заклучокот да престане да важи.

Истовремено, Владата заклучи соодветно да се измени и Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2021 година – 31 декември 2021 година.

**8.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемената појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, со дополнување, за период од 12 август 2021 година до 18 август 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**9.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемената појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија за период од 19 август 2021 година до 25 август 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**10.** Владата го задолжи Министерството за внатрешни работи во соработка со Агенцијата за национална безбедност и други надлежни институции да подготват безбедносни протоколи за движење и условите за напуштање на објектите во кои се сместени на бегалците од Авганистан.

**11.** По повод укажувањето на Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања, во врска со заклучокот под реден број 1., донесен во делот на Пред преминување на Дневен ред - Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија (проекти кои се финансираат преку ИПА-програмите во Република Северна Македонија), од 101-та седница на Владата на Република

Северна Македонија, одржана на 24 август 2021 година, Владата заклучи истиот да се измени и да гласи:

„1. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да го пролонгира рокот „25 август 2021 година“ за достава на проектни идеи за ИПА проекти за годишните програми за 2023 и 2024 година и за стратегиите кои истекуваат во 2022 година, до 3 септември 2021 година.“.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за правда за децата во постапувањето на овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи во периодот 1 јануари - 30 јуни 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправната сеча на шуми во периодот 1 април 2021 - 30 јуни 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 44**

Владата ги разгледа Информацијата за Акциски план за вработување на млади лица, 2016-2020 година (2019 година) и Информацијата за Акциски план за вработување на млади лица, 2016-2020 година (2020 година), како материјал за информирање.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите кои се преземаат за изготвување на Националната стратегија за гранично управување 2020 – 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на проектот „Изградба на фотонапонска електрана со инсталирана моќност од 10MW во кругот на РЕК Осломеј“, како материјал за информирање.

Исто така, Владата заклучи задолжението од Осумдесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 17 јули 2018 година, за квартално доставување на информации на Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, да престане да важи.

## Точка 47

Владата го разгледа Извештајот за реализација на одобрени средства, согласно Одлуката за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија, за 2020 година, бр. 44-7018/1 од 9 септември 2020 година, наменети за обесштетување од елемнтарна непогода, како материјал за информирање.

## Точка 48

Владата го разгледа Известувањето од Општина Охрид во врска со издаденото Одобрение за градење на локацијата на поранешниот ресторан Парк Горица, имајќи ги предвид констатациите од Извештајот од Комисијата за извршениот увид, како материјал за информирање.

Исто така, да се имаат предвид задолженијата од Педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 март 2021 година и Шеесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 мај 2021 година.

## Точка 49

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за начинот на користење и одржување на службените возила, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој и Комисијата за политички систем.

## Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата за преземање на технички мерки и активности за дигитализација на процеси и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државната управа, им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа и им се препорачува на единиците на локална самоуправа, најдоцна во рок од 15 дена од усвојувањето на оваа информација да постапат согласно насоките за изработка на документација за технички и организациски мерки од Агенцијата за заштита на личните податоци кои се јавно објавени на нивната веб-страница, опишани во Прилог 1, даден кон оваа информација.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа, им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа и им се препорачува на единиците на локална самоуправа, најдоцна во рок од 15 дена од усвојувањето на оваа информација да определат администратор на информациски систем согласно насоките во Прилог 2, даден кон оваа информација.

3. Се задолжуваат сите органи на државната управа, им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа и им се препорачува на единиците на локална самоуправа најдоцна во рок од 15 дена од усвојувањето на оваа информација да воспостават евиденција на овластени лица кои имаат авторизиран пристап до нивните документи и информациски системи, согласно насоките во Прилог 3, даден кон оваа информација.

4. Се задолжуваат сите органи на државната управа, им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа и им се препорачува на единиците на локална самоуправа, најдоцна во рок од 15 дена од усвојувањето на оваа информација да определат офицери за заштита на личните податоци, согласно насоките во Прилог 4, даден кон оваа информација и да ја известат Агенцијата за заштита на личните податоци за назначените лица.

5. Се задолжуваат Министерство за финансии, Министерство за здравство, Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците и Министерство за надворешни работи во рок од седум дена од усвојување на оваа информација да доставaт одговор за поставените задолженија доделени на членовите на работната група за дигитализација на процеси од состанокот, одржан на 30 јули 2021 година до Министерството за информатичко општество и администрација.

6. Се задолжуваат Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за правда, Министерство за транспорт и врски, Министерство за финансии, Министерство за локална самоуправа, Министерство за здравство, Министерство за економија, Министерство за образование и наука, Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за култура и Министерство за информатичко општество и администрација во рок од седум дена од усвојување на оваа информација да доставaт до Министерството за информатичко општество и администрација пополнет прашалник за процеси во ДМС системот – Прилог 5, даден кон оваа информација.

7. Се задолжуваат Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија до 1 декември 2021 година да изврши надградба на системот за седници на Владата на Република Северна Македонија, со која ќе се овозможи интеграција со ДМС системите кои се користат во институциите и да достави известување за преземените активности до заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси.

8. Се задолжуваат Министерство за внатрешни работи, Министерство за одбрана и Министерство за надворешни работи до 1 декември 2021 година да извршат надградба на системите за архивско работење, нивна инеграција со платформата за интероперабилност и да доставaт известување за преземените активности до заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,

задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси.

9. Се задолжува Министерство за информатичко општество и администрација до 1 декември 2021 година да направи интеграција на системот Uslugi.gov.mk со ДМС системот.

10. Се задолжува Министерство за информатичко општество и администрација до 1 декември 2021 година да направи интеграција на Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР) со системот за Централен регистар на население и да достави известување за преземените активности до заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси.

11. Се задолжува Министерство за информатичко општество и администрација до 1 декември 2021 година да направи интеграција на ДМС системот со Централен регистар поради користење на последните информациите за правните лица и официјалните потписници за институциите и да достави известување за преземените активности до заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси.

12. Се задолжува Министерство за информатичко општество и администрација до 1 јануари 2022 година да воспостави Национална шема за електронска идентификација со употреба на средство за електронска идентификација на високо ниво на сигурност и да достави известување за преземените активности до заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси.

13. Се задолжува Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија до 30 септември 2021 година да достави известување до заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси за преземените активности во изминатата една година по основ на Договорот што Владата го потпиша со Микрософт (Microsoft).

14. Се задолжуваат сите органи на државната управа, им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа и им се препорачува на единиците на локална самоуправа во буџетските циркулари за 2022 година да ги предвидат финансиските средства за набавка на неопходната опрема (хардвер, софтвер и лиценци) или надградба на постоечката опрема (хардвер, софтвер и лиценци) неопходна за обезбедување на дигитализација на процесите.

15. Се задолжува Министерството за финансии во буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година да ги одобри сите неопходни средства за набавка на опрема заради дигитализација на процесите.

## Точка 51

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Мемедов против Северна Македонија А.бр.31016/17, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави одлука за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија (во вкупен износ од 3.000 евра во денарска противвредност кои треба да бидат исплатени по пресудата на ЕСЧП во случајот Мемедов против Северна Македонија А.бр. 31015/17, најдоцна до 14 септември 2021 година), која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

## Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Митровска против Северна Македонија А.бр.55480/16 и 6 други апликации, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави одлука за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија (во вкупен износ од 6.550 евра во денарска противвредност кои треба да бидат исплатени по одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Митровска против Северна Македонија А.бр.55480/16 и 6 други апликации најдоцна до 14 септември 2021 година), која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

## Точка 53

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Јовановски против Северна Македонија А.бр. 30244/18, ја усвои Информацијата и ги донесе следниве заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот Јовановски против Северна Македонија А.бр. 30244/18.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата на апликантите од предметот Јовановски против Северна Македонија А.бр. 30244/18 ќе им исплати износ од 2.200 евра во денарска противвредност за обесштетување на нематеријалната штета како и надомест за сите трошоци.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија, во случај апликантите во предметот пред Европскиот суд за човекови права Јовановски против Северна Македонија А.бр. 30244/18, да не ја прифатат Понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази еднострана декларација, да ја признае повредата на Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот

суд за човекови права на апликантите да ѝ понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на Предметот.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Џафер против Северна Македонија А.бр. 4378/20, ја усвои Информацијата и ги донесе следниве заклучоци:

1. Се овластува Владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот Џафер против Северна Македонија А.бр. 4378/20.

2. Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата на апликантката од предметот Џафери против Северна Македонија 4378/20 ќе и исплати вкупен износ од 12.000 евра во денарска противвредност за обесштетување на нематеријалната штета како и надомест на сите трошоци.

3. Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија, во случај апликантката во предметот пред Европскиот суд за човекови права Џафери против Северна Македонија А.бр. 4378/20, да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази еднострана декларација, да ја признае повредата на Европската Конвенција за човекови права и основните слободи и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантката да ѝ понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на Предметот.

**Точка 55**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон за дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, по скратена постапка да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, како и согласно мислењата на надлежните институции.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Беким Реџепи, заменик на министерот транспорт и врски, а за повереници Митко Трајчулески,

државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

*

*       *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:30 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **dr. Artan Grubi** |